РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2015 година

## СОДРЖИНА

**I. Реален сектор**

Индустриско производство ..... 5

Број на работници во индустријата ..... 6

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 6

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5

Инфлација ..... 5

Берзански цени ..... 7

**2. Надворешно-трговска размена**

Извоз ..... 8

Увоз ..... 9

Салдо на трговска размена ..... 9

Валутна структура ..... 10

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи ..... 13

Буџетски расходи ..... 14

Буџетско салдо ..... 15

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ..... 15

Плати ..... 16

Пензии ..... 17

**5. Монетарен сектор**

Примарни пари ..... 17

Депозитен потенцијал ..... 18

Кредити на банките ..... 19

Каматни стапки на депозитни банки ..... 19

Пазар на капитал ..... 19

Девизни резерви ..... 20

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2015 година

- Индустриското производство во јануари 2015 година во споредба со јануари 2014 година забележа раст од 1,1%;
- Годишната стапка на инфлација во јануари 2015 година изнесува -1,5%, со што продолжи трендот на негативна инфлација;
- Извозот во јануари 2015 година забележа раст од 23,8%, додека увозот се намали за 3,1%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 47,9% споредено со јануари минатата година;
- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2015 година изнесуваа 10.527 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,4% во однос на јануари 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 12.730 милиони, што е за 6,3% повеќе во однос на истиот месец 2014 година;
- Вкупните кредити забележаа раст од 9,2% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрира раст од 10,6%.

## Индустриско производство

Индустриското производство во јануари 2015 година забележа раст од 1,1% на годишна основа, што најмногу се должи на активноста во секторот Преработувачка индустрија каде што е забележан раст од 2,9% и придонес во вкупниот раст на индустриското производство од 2,4 процентни поени (п.п.). Значителен раст на производството од 16,8% е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација. Производството во секторот Рударство и вадење камен се намали за 9,1% како резултат на падот во гранката Вадење јаглен и лигнит од 25,2%.







Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во јануари 2015 година има Производството на моторни возила, приколки и полуприколки (11,4 п.п.) со раст од 386,5%, а најголем негативен придонес има Производството на други неметални минерални производи (1,5 п.п.) со пад од 22,8%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јануари 2015 година покажуваат зголемување на производството на годишно ниво и тоа кај

групите: Капитални производи од 44,9% и Енергија и Нетрајни производи за широка потрошувачка од по 5,7%. Пад е забележан во групите: Интермедијарни производи, освен енергија од 10,8% и Трајни производи за широка потрошувачка од 12,7%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јануари 2015 година забележа раст од 3,5%. Растот се должи на зголемувањето на бројот на работници во секторот Преработувачка индустрија од 4,4%. Намалување на бројот на работници е забележан во останатите два сектора: Рударство и вадење камен од 3,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 30,5%, Интермедијарни производи, освен енергија за 5,9% и Трајни производи за широка потрошувачка за 3,4%, додека пад е регистриран кај групите Енергија од 4,5% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2015 година е поповолна во однос на претходниот месец, а понеповолна во однос на истиот период претходната година.

Просечното искористување на капацитетите во јануари 2015 година изнесува 61,9%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 61,3%. Во споредба со јануари 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,9 п.п..

Во јануари 2015 година, согласно оценката на раководителите на деловните субјекти, како фактори со најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството се посочени: недоволната странска побарувачка со 25,1%, недоволната домашна побарувачка со 24,7%, недостигот на квалификувана работна сила со 23,6%, финансиските проблеми со 6,4% и неизвесното економско опкружување со 4,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари 2015 година во однос на декември 2014 година е поповолна, како и состојбата со залихите на готови производи и очекувањата за обемот на производство во наредните три месеци.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2015 година издадени се 236 одобренија за градба, што претставува зголемување од 68,6% во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е намален за 22,6% во однос на декември 2014 година, кога беа издадени 305 одобренија. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари е намалена за 35,8% во однос на истиот период од претходната година. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи намалување за 54,6%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 153 (или 64,8%) се наменети за објекти од високоградба, 26 (или 11%) за објекти од нискоградба и 57 (или 24,2%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 236 издадени одобренија за градба, за 166 (или 70,3%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 70 објекти (или 29,7%) инвеститори се деловни субјекти. Во јануари 2015 година предвидена е изградба на 383 станови, со вкупна корисна површина од 35.209 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 39,4% во однос на истиот месец од 2014 година и за 51,8% во однос на декември 2014 година.




## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во јануари 2015 година изнесува -1,5%, со што продолжи трендот на негативна инфлација.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, забележа пад од 0,5%, при што намалувањето на цените е највисоко во поткатегоријата Масло и маснотии од 6,4%. Најголем пад на цените е забележан во категориите: Транспорт од 11,9%, следен од категориите Комуникации од 10,3% и Рекреација и култура од 3,3%. Највисок годишен раст на цените во јануари е регистриран во категоријата Алкохолни




пијалаци и тутун од 5,6% следен со порастот на цените во категориите: Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,5% и Облека и обувки од 1,1%.

Потрошувачките цени во јануари 2015 година бележат пад на месечна основа од 0,8%. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа пад од 0,5%, што главно се должи на падот на цените во поткатегориите Овошје и Зеленчук. Во останатите категории најголем пад на потрошувачките цени на месечно ниво е регистриран во категориите Транспорт од 4,7% и Здравје од 2,6%. Пораст на цените е регистриран во категориите Алкохолни пијалаци и тутун од 1,4% и Рекреација и култура од 0,3%.




Цените на мало во јануари 2015 година во однос на истиот период претходната година се намалени за 4,6%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 1,0%.

## Берзански цени

Во јануари 2015 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 22,9% во однос на претходниот месец и достигна цена од 48,1 долари за барел. Цената на природниот гас во јануари се намали за 8,5% на месечна основа.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во јануари 2015 година се тргуваше со просечна цена од 14.849 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 7,0%.

Споредено со јануари 2014 година цената на никелот е повисока за 5,3%. Во јануари се забележува и месечно намалување на цената на останатите основни метали. Така, цената на бакарот се намали за 9,6%, на алуминиумот за 5,0%, на оловото за 4,9%, на цинкот за 2,9% и на калајот за 1,9%. Цената на железната руда во јануари остана непроменета во однос на претходниот месец. Благородните метали во јануари забележаа месечно зголемување на цената, односно цената на среброто забележа пораст од 5,8%, на златото од 4,2% и на платината од 2,2%.




Анализирано на месечна основа, во јануари 2015 година цената на пченката на светските берзи се намали за 2,3%, а на пченицата за 7,9%. Цената на јагнешкото месо во јануари забележа месечен пад од 3,4%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно-трговска размена во јануари 2015 година изнесува 656,3 милиони евра, што претставува раст од 7,3% во однос на истиот месец од минатата година.

Во јануари 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 71,4%, што претставува намалување од 0,4 п.п. во однос на јануари претходната година.




## Извоз

Во јануари 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 291,4 милиони евра и бележи раст од 23,8% (56,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 14,9%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2015 година извозот бележи пад од 0,4% (1,2 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој во јануари регистрира месечен раст од 23,3%.







Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во јануари 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун, како и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 56,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во јануари 2015 година споредено со истиот месец од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај

групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст на годишно ниво од 1,9%, додека кај земјите од Западен Балкан бележи пад од 24,9%, при што извозот на стоки во Европската унија и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 80,1% и 8,4% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2015 година изнесува 364,9 милиони евра, што претставува намалување за 3,1% (11,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини стоки се зголемени за 9,6%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2015 година увозот бележи пад од 26,6% (132,1 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонски прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 8,4%.




Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2014 | I - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,0 | 3,8 | -4,2 | -52,8 |
| Мил. ЕУР | 3,4 | 1,9 | -1,4 | -42,1 |
| Мил.$ | 4,6 | 2,3 | -2,3 | -50,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2014 | I - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 60,4 | 66,4 | 6,0 | 10,0 |
| Мил. ЕУР | 38,1 | 24,4 | -13,7 | -35,9 |
| Мил.$ | 51,9 | 28,3 | -23,7 | -45,6 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2014 | I - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 0,8 | 2,5 | 1,7 | 210,5 |
| Мил. ЕУР | 47,0 | 53,2 | 6,3 | 13,3 |
| Мил.$ | 64,0 | 61,1 | -2,9 | -4,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2014 | I - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,5 | 1,6 | 0,1 | 9,6 |
| Мил. ЕУР | 3,1 | 4,1 | 1,0 | 32,8 |
| Мил.$ | 4,2 | 4,7 | 0,5 | 12,2 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2014 | I - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 32,1 | 37,7 | 5,7 | 17,7 |
| Мил. ЕУР | 29,8 | 44,9 | 15,1 | 50,5 |
| Мил.$ | 40,6 | 51,5 | 10,9 | 26,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2014 | I - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 30,9 | 41,0 | 10,1 | 32,6 |
| Мил. ЕУР | 15,5 | 18,8 | 3,3 | 21,6 |
| Мил.$ | 21,1 | 21,6 | 0,6 | 2,7 |

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2015 година трговскиот дефицит се стесни за 47,9% односно 67,7 милиони евра споредено со јануари минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, горива и мазива, индустриски набавки, транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци.




Во јануари 2015 година 85,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, а потоа следуваат: Србија, Грција, Турција, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 82,4% од трговската размена во јануари 2015 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2014 година претставува зголемување од 9,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 84,4% и 80,9% соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 5,3 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 17,8 п.п. во однос на јануари 2014 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I - 2014 | | | | | I - 2015 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 199,7 | 236.526.030 | 61,5759 | 14.564.291.716 | 63,1 | 178,5 | 292.264.620 | 61,5004 | 17.974.398.571 | 80,9 | 55.738.590 | 23,6 |
| УСД | 146,4 | 103.766.175 | 45,1808 | 4.688.234.112 | 20,3 | 200,7 | 78.011.018 | 52,7445 | 4.114.650.867 | 18,5 | -25.755.157 | -24,8 |
| ГБП | 0,3 | 49.039.262 | 74,3879 | 3.647.927.384 | 15,8 | 0,5 | 1.166.334 | 80,1344 | 93.463.452 | 0,4 | -47.872.927 | -97,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 346,4 | | | 22.900.453.212 | 83,4 | 379,6 | | | 22.182.512.890 | 99,8 | | |
| вк извоз: | 346,9 | | | 23.088.992.048 | 100,0 | 380,0 | | | 22.228.165.465 | 100,0 | | -3,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2015 година изнесуваа 10.527 милиони денари, односно 1,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,4% во однос на истиот месец од 2014 година.




Даночните приходи во јануари се реализирани во износ од 6.043 милиони денари, односно 1,1% од БДП и во однос на истиот месец од 2014 година се зголемени за 1,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 3.074 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 50,9%. Акцизите се остварени во износ од 1.248 милиони денари (учество од 20,7% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 4.322 милиони денари, односно 71,5% од вкупните даночни приходи (0,8% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 4.571 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 1.497 милиони денари.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележува помало остварување за 18,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 5,8%. Учеството на ДДВ донациите е незначително, односно 0,3%, при што данокот на донации забележува помало остварување за 88,0%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 905 милиони денари и забележуваат раст од 8,6% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 64,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 5,7% од приходи по основ на договор на дело, 10,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 3,7% од приходи од капитал и 5,2% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот од добивка во јануари 2015 година изнесуваа 491 милион денари и забележаа висок раст од 174% во однос на истиот месец од претходната година, што е главно резултат на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката, задржаниот данок на исплатени приходи на странски правни лица, додека намалување бележи данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по даночни биланси. Приходите од ДДВ забележаа намалување од 18,2%, додека акцизите забележаа поголемо остварување за 63,1%. Приходите од царина беа остварени во износ од 250 милиони денари и забележаа пад од 21,4%. Приходите од

други даноци со остварен износ од 75 милиони денари забележаа помало остварување за 36,4% во однос на истиот месец минатата година.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 801 милион денари и во однос на истиот месец од 2014 година забележаа раст од 7,1% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 68 милиони денари, што претставува намалување од 18,1% во однос на истиот месец претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 206 милиони денари, односно за 48,2% повеќе во однос на истиот месец лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 3.182 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,6% споредено со истиот месец од 2014 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,6%, кај придонесите за здравствено осигурување за 5,5% и кај придонесите за вработување за 6,3%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2015 година изнесуваа 12.730 милиони денари, односно 2,3% од БДП, што е за 6,3% повеќе во однос на истиот месец 2014 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 11.841 милион денари учествуваа со 93% (учество од 2,1% во БДП) и се зголемени за 4,2% во однос на истиот период од 2014 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 8.204 милиони денари (1,5% од БДП). Средствата за трансфери забележаа зголемување од 3,5% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 64,4% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 1.980 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 15,6%, што значи зголемување за 5,5% во однос на 2014 година.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 932 милиони денари и споредено со истиот период од 2014 година забележаа зголемување од 8,1%.

Социјалните трансфери изнесуваа 6.481 милион денари, забележаа раст од 6,4% и учествуваа со 50,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 4.118 милиони денари, се зголемија за 6,7% споредено со истиот месец од 2014 година и учествуваат со 32,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 13,2%, односно забележаа намалување од 4,8%, споредено со истиот период од 2014 година. Блок дотациите

кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.236 милиони денари забележаа зголемување од 3,3% во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 29,2% помалку. Каматните расходи изнесуваат 725 милиони денари, што е за 4,6% повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 50%, додека од странско задолжување намалени за 8,3%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 889 милиони денари, со структурно учество во вкупните расходи од 7% (0,2% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 45,0% во споредба со истиот месец лани.

## Буџетско салдо

Во јануари 2015 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 2.203 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 1.547 милиони денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во јануари 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 12.715 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е помал за 14,9% во однос на јануари 2014 година. Од вкупниот број нововработени, 48,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи, 19,1% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 224.201, од кои 124.025 се активни баратели на работа, а 100.176 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец лани, вкупниот број невработени лица е поголем за 1,9%. Раст на бројот на невработени се забележува само кај активните баратели на работа, додека кај останатите нема промена. Растот најмногу се должи на законските одредби кои предвидуваат дека лицето корисник на социјална помош мора активно да бара работа.[1]

[1] Оваа обврска е предвидена во Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија, бр. 166/2014)




Најголем дел од невработените лица (69,6%) се градско население, а 60,2% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,5% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30% се со завршено средно образование, додека 15,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 34,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 11% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2014 година оствари годишен раст од 4,2%, а во однос на претходниот месец е повисока за 3,8%. Зголемување на годишна основа се забележува речиси кај сите сектори, при што најистакнато е во следните: Стручни, научни и технички дејности (16,9%), Градежништво (11,5%) и Преработувачка индустрија (8,8%). Намалување е регистрирано само во секторот Административни и помошни услужни дејности од 3,5%. Реалните плати во декември забележаа годишен раст од 4,7%.







Просечната номинална бруто-плата во декември 2014 година оствари годишен раст од 3,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 3,5%. Раст на просечната бруто-плата се забележува речиси во сите сектори, а најистакнат е во следните: Стручни, научни и технички дејности (13,9%), Градежништво (11,8%) и Дејности во врска со недвижен имот (9,1%). Намалување е регистрирано единствено кај платите во секторот Административни и помошни услужни дејности од 3%. Реалната бруто плата забележа годишен раст од 4,5%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во декември 2014 година изнесува 1,2% и е за 0,6 п.п. понизок во однос на истиот месец од претходната година, а повисок за 0,1 п.п. во однос на ноември 2014 година.

## Пензии

Во јануари 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 294.479 пензионери, што претставува зголемување од 1,4% во однос на истиот период од минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 1.352 лица. Од вкупниот број пензионери, 59,5% се корисници на старосна пензија, 25,9% на семејна пензија и 14,6% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јануари 2015 година изнесува 12.443 денари што на годишно ниво претставува зголемување од 5,3%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2014 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,6%. Просечната старосна пензија во јануари изнесува 13.863 денари и е повисока за 4,3% од истиот период лани. Просечната инвалидска пензија изнесува 11.192 денари, што преставува зголемување од 5,7% во однос на минатата година, а просечната семејна пензија изнесува 9.858 денари и е повисока за 6,4% во однос на јануари минатата година. За исплата на пензиите во јануари 2015 година потрошени се 3.567,37 милиони денари, што претставува 55% од вкупните социјални трансфери.



Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во јануари 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена е непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 1,0%.

## Примарни пари

На годишна основа, примарните пари[2] во јануари 2015 година забележаа раст од 10,5%, наспроти растот од 13,8% минатиот месец.

[2] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Забавената динамика на раст се должи на умерениот пораст на вкупните ликвидни средства на банките од 5,2% на годишна основа наспроти растот од 15,3% минатиот месец.




Готовите пари во оптек бележат раст на годишна основа од 17,2%. На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 1,9% во услови на пад на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 0,7% и 2,9%.

## Депозитен потенцијал

Во текот на јануари, вкупните депозити на банките продолжија да растат, но со значително послаба динамика од претходниот месец. На месечно ниво, вкупниот депозитен потенцијал забележа раст од 0,4% наспроти растот од 2,9% во декември минатата година. Секторската анализа укажува дека депозитите на приватните претпријатија забележаа раст од 0,1%, а депозитите на домаќинствата забележаа раст од 0,4% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, депозитите во домашна валута забележаа пад од 0,9%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 2,4%.

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 287208 | 0,4 | 10,6 |
| Денари | 168963 | -0,9 | 15,1 |
| Странска валута | 118245 | 2,4 | 4,9 |
| Краткорочен | 148665 | 1,4 | 1,6 |
| Долгорочен | 79487 | 2,0 | 20,7 |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 254443 | -0,4 | 9,2 |
| Денари | 198286 | -0,4 | 10,8 |
| Странска валута | 56158 | -0,5 | 3,9 |

Извор: НБРМ

Вкупниот депозитен потенцијал во првиот месец од 2015 година оствари раст од 10,6% на годишна основа. Анализирано според валутата растот доминантно беше воден од зголемувањето на депозитите во домашна валута од 15,1%, но и депозитите во странска валута се зголемија за 4,9%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 8,4%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 18,5%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 20,7%, додека краткорочните депозити се зголемија за 1,6%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,8%.

## Кредити на банките

Во јануари 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа пад од 0,4% на месечна основа (наспроти растот од 1,8% во декември 2014 година). Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во јануари остварија умерен раст од 0,5%, додека кредитите кон претпријатијата регистрираа месечен пад од 1,1%. Од аспект на валутата, во првиот месец од годината денарските и девизните кредити се намалија за 0,4% и 0,5% соодветно.




На годишна основа, во јануари 2015 година вкупните кредити остварија раст од 9,2% (во декември растот изнесуваше 10%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 7,4% и кон домаќинствата од 11,5%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,8%, а кредитите во странска валута регистрираа раст од 3,9%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,3%, а краткорочните кредити се повисоки за 8,5%.




## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2015 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,1%[3]. Каматната стапка на девизните кредити изнесува 6,1%, додека каматната стапка на денарските кредити изнесува 7,4%. Вкупната каматна стапка на депозитите изнесува 2,5%. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 3,3%, додека каматната стапка на девизните депозити изнесува 1,5%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал во јануари 2015 година вкупниот промет на




[3] Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени
статистиката на каматните стапки произлегуваат од цело

берзата забележа повеќекратен пад на месечно и годишно ниво, кој се должи на падот на блок трансакциите и класичното тргување. Вкупниот промет во јануари изнесуваше 128 милиони денари, а претходниот месец 732 милиони денари.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јануари 2015 година изнесуваше 1.874,42 индексни поени, што претставува раст од 1,6% на месечно ниво, додека во однос на истиот период претходната година индексот е повисок за 7,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2015 година изнесуваа 2.483,7 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 47,2 милиони евра, додека во однос на јануари минатата година се намалени за 504,6 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk